РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА / KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE

# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ И ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2021 ГОДИНА

**Скопје, ноември 2021 година**

# NDRYSHIM DHE PLOTËSIM I RREGULLORES SË KRITEREVE PËR PËRCAKTIMIN E KOMPENSIMIT TË ANËTARËVE TË ORGANEVE ZGJEDHORE DHE ADMINISTRATËS ZGJEDHORE PËR REALIZIMIN E ZGJEDHJEVE LOKALE 2021

**Shkup, nëntor 2021**

Врз основа на членот 31 став 2 точка 24, а во врска со член 19 став 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 215/21), член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 1-1322/1 од 06.07.2017 година и бр. 08-588/1 од 01.03.2019 година, а во врска Решението за распишување на Локалните избори 2021 година, бр.08-3732/1 од 06.08.2021 година, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија на 24.11. 2021 година, донесе

Në bazë të nenit 31 paragrafi 2 pika 24, dhe në lidhje me nenin 19 paragrafi 2 të Kodit zgjedhor („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut", numër 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 215/21), nenit 66 të Rregullores së Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve, nr. 1-1322/1 të datës 06.07.2017 dhe nr. 08-588/1 të datës 01.03.2019, dhe në lidhje me Aktvendimin për shpalljen e Zgjedhjeve lokale 2021 nr. 08-3732/1 të datës 06.08.2021, të miratuar nga Kryetari i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut,Komisioni Shtetëror i Zgjedhjeve më datë 24.11.2021 miratoi:

## Изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на Локалните избори 2021 година

## Ndryshimdheplotësimtë Rregulloressëkriterevepërpërcaktimin e kompensimittëanëtarëvetëorganevezgjedhoredhead ministratëszgjedhorepërrealizimin e zgjedhjevelocale 2021

**Член 1**

Во членот 2 точка 1 алинеата 1 се брише.

**Член 2**

Членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Критериумите за определување на висината на надоместокот за извршената работа во Подготовката и спроведувањето на изборите 2021 година на претседателот, членовите и нивните заменици во општинските изборни комисии е бројот на избирачки одбори во надлежност на изборниот орган. “

**Член 3**

По членот 3 се додава нов член 3а кој гласи:

„Член 3а

За Изборната комисија на град Скопје се определува следниот износ:

- на претседателот на ИКГС му се определува надоместок во висина од 33.000 денари;
- на заменикот претседател на ИКГС му се определува надоместок во висина од 28.000 денари;
- на секретарот на ИКГС му се определува надоместок во висина од 28.000 денари,
- на членот на ИКГС му се определува

**Neni 1**

Në nenin 2 pika 1 alinea 1 fshihet.

**Neni 2**

Neni 3 ndryshohet si vijon:

“Neni 3

Kriteret për përcaktimine shumës së kompensimit për punën e kryer giatë përgatitjes dhe zbatimit të Zgjedhjeve 2021 për kryetarin, anëtarët dhe zëvendësit e tyrenë komisionet komunale të zgjedhjeveështë numri i këshillave zgjedhorë në kompetencë të organit zgjedhor. “

**Neni 3**

Pas nenit 3 shtohet nen i ri 3a si vijon:

“Neni 3a

Për Komisionin Zgjedhor të Qytetit të Shkupit përcaktohet shuma në vijim:

- Kryetarit të KZQSH-së i caktohet shuma e kompesimit në vlerëprej 33,000 denarë,
- Zëvendëskryetarit të KZQSH-së i caktohet shuma e kompesimit në vlerëprej 28,000 denarë,
- Sekretarit të KZQSH-së i caktohet shuma e kompesimit në vlerë prej28,000 denarë;
- Anëtarit të KZQSH-së i caktohet shuma e

надоместок во висина од 23.000 денари,
- на заменикот член на ИКГС му се определува надоместок во висина од 18.000 денари,
- на заменикот секретар на ИКГС му се определува надоместок во висина од 15.000 денари."

**Член 4**

Членот 10 се менува и гласи:

„Член 10

Во општините каде се одржува втор круг на гласање, надоместокот за целокупниот состав на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје (ИКГС) се зголемува за 25% проценти од надоместокот утврден во членовите 3а, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој Правилник, а согласно останатите процедури, критериуми и услови предвидени во овој Правилник."

**Член 5**

Во членот 11 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Извештаите за работа на изборниот орган се доставуваат и до Општините и градот Скопје кои вршат исплата на надоместоци, освен во општините со блокирани жиро сметки."

**Член 6**

Во членот 12 по зборовите „ Локалните изборите 2021" се додаваат зборовите: „за секој круг на гласање одделно".

**Член 7**

Во членот 13 во ставот 1 зборот „првиот" се заменува со зборот „еден"

**Член 8**

Во членот 18 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„На претседателот, членовите и нивните заменици во Избирачките одбори кои што спровеле гласање на болни и немоќни лица согласно член 111 од Изборниот законик надоместокот предвиден во членовите 13, 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник им се зголемува за 20% проценти."

**Член 9**

По членот 20 се додава нов член 20а кој гласи:

„Член 20а

Исплатата на изборните органи ја вршат општините

kompesimit në vlerë prej23.000 denarë,
- Zëvendësanëtarit të KZQSH-së i caktohet shuma e kompesimit në vlerë prej18.000 denarë,
- Zëvendëssekretarit të KZQSH-së i caktohet shuma e kompesimit në vlerë prej15,000 denarë.
"

**Neni 4**

Neni 10 ndryshohet si vijon:

"Neni 10

Në komunat ku mbahet rreth i dytë i votimit ose rivotimit, kompensimi për përbërjen e përgjithshme të Komisioneve Komunale të Zgjedhjeve dhe Komisionit Zgjedhor të Qytetit të Shkupit (KZQSH) rritet me 25% përqind nga kompensimi i përcaktuar në nenet3a, 4, 5, 6, 7, 8 dhe 9 të kësaj Rregullore, dhe në pajtim me procedurat, kriteret dhe kushtet e tjera të parapara në këtë Rregullore. "

**Neni 5**

Në nenin 11 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Raportet për punën e organit zgjedhor i dorëzohen edhe Komunave edhe Qytetit të Shkupit të cilët bëjnë pagesën e kompensimeve, përveç në komunat me llogari bankare të bllokuara."

**Neni 6**

Në nenin 12 pas fjalëve " Zgjedhjet lokale 2021" shtohen fjalët: " për secilin rreth të votimit veçmas"

**Neni 7**

Në nenin 13 pas paragrafit 1 fjala "i pari" zëvendësohet me fjalën "një"

**Neni 8**

Në nenin 18 pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3 si vijon:

"Kryetarit, anëtarëve dhe zëvendësve të tyre në këshillat zgjedhorë të cilët e kanë realizuar votimin për personat e sëmurëdhe të pamundur në pajtim me nenin 111 të Kodit zgjedhor kompensimi i paraparë në nenet 13, 14, 15, 16 dhe 17 të kësaj Rregullore rritet me 20% përqind."

**Neni 9**

Pas nenit 20 shtohet nen i ri 20a si vijon:

"Neni 20a

Pagesa e organeve zgjedhore bëhet nga komunat në

согласно член 88 став 4 од Изборниот законик.

За гласањето за избор за градоначалник на град Скопје во втор круг во општините каде што изборот за градоначалник на општината е завршен во првиот круг, исплатата на надоместоците на Општинските изборни комисии и избирачките одбори на територијата на општините во градот Скопје, ја врши градот Скопје.“

## Член 10

Членот 24 се менува и гласи:

Член 24

Надоместокот за вработените во Државната изборна комисија ќе се утврдува и пресметува за секое лице поединечно, според обемот и сложеноста на работните задачи, дополнителниот придонес во извршување на специфични работи и работни задачи, успешност, ефикасност, менаџирање и управување, како и извршување на задачи и активности кои не се предвидени во актот за систематизација за конкретното работно место.

Надоместокот за ангажираните лица во помошните тела на Државната изборна комисија, ќе се утврдува и пресметува за секое лице поединечно, според поединечниот извештај за работен ангажман, како и според извештајот изготвен од координаторот на работната група именуван од Државната изборна комисијаа за лицата на кои им е определен координатор.

## Член 11

Во членот 26 во ставот 1 по точка 6 се додава нова точка 7 која гласи:

„ 7.Лица ангажирани од Министерството за внатрешни работи во просториите на Државната изборна комисија.“

## Член 12

Во членот 27 став 1 точките точката 6 се менува и гласи:

„6. На вработените во подрачните одделенија и канцелариите на Државната изборна комисија им се определува надоместок во износ од 25.000 до 40.000 денари во зависност од бројот на вработени, обемот на работа и број на запишани гласачи на територијата на Подрачното одделение / канцеларија.“

По точката 6 се додава нова точка 7 која гласи:

„ Лицата ангажирани од Министерството за внатрешни работи за обезбедување во просториите на ДИК износ надоместок во износ од 40.000.“

pajtim me nenin 88 paragrafi4 të Kodit zgjedhor.

Në votimin për zgjedhje të kryetarit të Qytetit të Shkupit në rrethin e dytë në komunat ku zgjedhja për kryetarkomune ka përfunduar në rrethin e parë, pagesa e kompensimit përKomisionet Komunale të Zgjedhjeve dhe këshillave zgjedhore në territorin e komunave të Qytetit të Shkupit kryhet nga Qyteti i Shkupit. “

## Neni 10

Neni 24 ndryshohet si vijon:

Neni 24

KompensimipërtëpunësuaritnëKomisioninShtetërortëZgjedhjeve do tëpërcaktohetdhellogaritetpërçdo person veçmas, sipasvëllimitdhekompleksitetittëdetyravetëpunës, kontributitshtesënëkryerjen e punëvedhedetyravespecifike, suksesit, efikasitetit, menaxhimitdheadministrimit, sidhekryerjessëdetyravedheaktiviteteveqënukjanëtëpara paranëaktin e sistematizimitpërvendin e punës.

Kompensimipërpersonat e angazhuarnëtrupatndihmësetëKomisionitShtetërortëZgjedhjeve do tëpërcaktohetdhellogaritetpërçdo person veçmas, sipasraportit individual tëangazhimittëpunës,sidhesipasraportittëpërgatiturngakordinatoriigrupittëpunësiemëruarngaKomisioniShtetëroriZgjedhjevepërpersonattëcilëve u ështëcaktuarkordinator.

## Neni 11

Në nenin 26 në paragrafin 1 pas pikës 6 shtohet pikë e re 7 si vijon:

“ 7.Persona të angazhuar nga Ministria e Punëve të Brendshme në hapësirat e komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve.”

## Neni 12

Në neni 27 paragrafi 1 pika 6 ndryshohet si vijon:

“6. Të punësuarve në njësitë dhe zyrat rajonale të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve u përcaktohet kompensim në vlerë prej 25,000 deri 40,000 denarë në varësi të numrit të të punësuarve, vëllimittë punës dhe numrit të votuesve të regjistruar në territorin e Njësisë / zyrës rajonale. “

Pas pikës 6 shtohet pikë e re 7 si vijon:

„ Personat e angazhuar nga Ministria e Punëve të Brendshme për sigurimin e hapësirave së KSHZ-së kompensim në vlerë prej 40.000 denarë.”

**Член 13**

Во членот 29 ставот 1 се менува и гласи:

Надоместокот за лицата кои се ангажирани како едукатори на членовите на изборните органи, изнесува 1.700 денари за секоја завршена обука и дополнително 500 денари на ден за храна.

**Neni 13**

Në neni 29 paragrafi 1 ndryshohet si vijon

Kompensimi për personat që janë angazhuar si edukatorë të anëtarëve të organeve zgjedhore, është 1.700 denarë për çdo trajnim të përfunduar dhe 500 den shtesë në ditë për ushqim.

**Член 14**

Членот 30 се менува и гласи:

„ Член 30

Членовите на изборните органи и изборната администрација, по завршувањето на изборите, задолжително изготвуваат и доставуваат до Државната изборна комисија детални извештаи за работа, во кои е наведено:

- описот на работите и задачите, чие извршување му е доверено;
- одговорноста, видот, сложеноста и обемот на работите во чие извршување е ангажирано лицето,
- времетраењето на ангажманот за извршување на работите и –
- времето во кое се извршени работите за спроведувањето на изборните дејствија.

За вработените во Државната изборна комисија во извештајот посебно се наведуваат работните задачи кои се извршени согласно актот за систематизација и извршените работни задачи кои не се предвидени во систематизацијата на работното место.

Секој поединечен извештај од став еден на овој член, го потврдува непосредно надлежниот раководен административен службеник.

**Neni 14**

Neni 30 nryshohet si vijon:

„ Neni 30

Anëtarët e organeve zgjedhore dhe administratës zgjedhore, pas përfundimit të zgjedhjeve, detyrimisht përgatisin dhe dorëzojnë në Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve raporte detale të punës, në të cilat është shënuar:

- përshkrimiipunëvedhedetyrave, kryerja e tëcilaveiështëbesuar;
- përgjegjësinë, llojin, kompleksitetin dhe madhësinë e punës në kryerjen etë cilës personi është i angazhuar,
- kohëzgjatja e angazhimit për kryerjen e punëve dhe
- Koha kur janë kryer punët për zbatimin e veprimeve zgjedhore.

Në raportin e të punësuarve në Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve veçmas shënohen detyrat e punës që janë kryer në pajtim me aktin për sistematizim dhe detyrat e kryera të punëve që nuk janë të parapara në sistematizimin e vendit të punës.

Secilinraport individual ngapragrafinjëikëtijneni, nëmënyrëdirekte e vërtetonnënpunësiudhëheqësadministrativqëështëkompetent.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Овој Правилник се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Neni 15**

Kjo Rregullore hyn në fuqi nga dita e miratimit.

Kjo Rregullore publikohet në faqen e internetittë Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve

**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА / KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ / KRYETAR**

**Проф. Д-р Александар Даштевски**

**Број /Numër** 08-3173/2

30.11.**2021 година**

**С К О П Ј Е / S H K U P**